# Извадок на дел од дневни настани 14.12.2020

На 14.12.2020 во 01,15 часот на Граничен премин „Деве Баир" од полициски службеници е лишен од слобода М.Д.(35) од Р.Турција поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" - зелена карта. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделение за внатрешни работи Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 13.12.2020 од полициски службеници од Полициска станица „Ќафасан" бил лишен од слобода П.М.(43) од Р.Албанија, поради основано сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба" и истиот се бара по потерница од Интерпол Норвешка. Лицето е задржано во Полициска станица Струга за понатамошна постапка.

На 13.12.2020 во 22.20 часот во Куманово, полициски службении од СВР Куманово го лишиле од слобода М.И.(27) од Куманово бидејќи кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежното обвинителство.

На 13.12.2020 во 16.10 часот во Полициска станица Центар Ф.Ф.(20) од Скопје, пријавил дека на улица "Св. Кирил и Методиј" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2020 во 16.10 часот во Полициска станица Аеродром Ж.П.Д.(49) од Скопје, пријавила дека на булевар "АСНОМ" нејзиниот син бил каснат од куче скитник .

На 13.12.2020 во 20,20 часот во село Катланово од страна на полициски службеници од Полициско одделение Петровец од слобода е лишен К.Н.(37) од Скопје бидејќи кај истиот е пронајдена марихуана. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2020 во 19,50 часот во село Миладиновци, од страна на полициски службеници од Полициско одделение Петровец од слобода се лишени К.А.(22), Б.А.(18), С.Р.(18) и Е.Д.(19) сите од Скопје бидејќи кај нив е пронајдена марихуана. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежното обвинителство.

На 13.12.2020 во 23.00 часот полициски службеници од Полициска станица Аеродром од слобода го лишиле Х.С.(20) од Скопје бидејќи кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 13.12.2020 во 18,00 часот во Виница на ул.„Крушевска Република", патничко моторно возило „фиат пунто" со винички регистарски ознаки, управувано од З.П.(40) од Виница, удрило во пешакот М.Г.(66) од Виница. По незгодата М.Г. со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Здравствен дом Виница, каде била констатирана смрт. Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител и увидна екипа од Полициска станица Виница.

На 13.12.2020 во 22,45 часот во Полициска станица Гази Баба С.С.(28) од Скопје пријавил дека на улица "Јужноморавски бригади" бил каснат од куче скитник.
На 14.12.2020 во 00,35 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје од слобода го лишиле Д.Ѓ.(28) од Скопје, бидејќи кај него е пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежното обвинителство.

На 13.12.2020 околу 20.30 часот на подрачје на Бит Пазар од полициски службеници од СВР Скопје пронајден и приведен е А.А.(27) од Скопје, баран по судска наредба од Основен Кривичен суд Скопје.

На 13.12.2020 во 21,13 часот во СВР Скопје, А.С., вработен во Казнено поправна установа „Идризово" пријавил дека во 20,45 часот во амбулантата на Казнено поправна установа, Т.И.(40) од Скопје и А.С.(23) од Скопје при меѓусебна расправија си нанеле повредисо остар предмет. Лицата биле пренесени во Комплекс клиники„Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2020 во 09,00 часот во Полициска станица Гевгелија, било пријавено дека во Општата болница Гевгелија бил донесен Р.И.(67) од с.Кованец, кој, според пријавеното, на лов се повредил со огнено оружје. Потоа, во 11,00 часот во с.Кованец од З.И.(40) од с.Кованец одземено е огнено оружје марка „Бајкал" модел ТОЗ-63. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.ж

На 13.12.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на прекршок неправилно престигнување и обиколување. Во акциската контрола биле констатирани 149 прекршока, од кои 14 по акциската контрола и 135 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 13.12.2020 СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување на возила. Притоа преземени биле осум мерки. Санкционирани биле и 30 останати прекршоци.

На 13.12.2020 околу 23.50 часот во обложувалница во Велес едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Радовиш поднесе две кривични пријави против Н.А. (48) и Е.Ј. (49) двајцата од Радовиш, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 20.01.2020 во 15,00 часот, раскрсница на ул.„Свети Спасо Радовишки" и ул.„Чеде Филиповски Даме", полициски службеници при вршење на службени дејствија, го сопреле првопријавениот кој управувал возило „мерцедес ", додека во 15,30 часот, го сопреле второпријавениот кој управувал возило „форд транзит" и од извршената контрола констатирале дека пријавените не го почитувале протоколот за вршење јавен превоз на патници, односно не биле одделени од делот за патници со физичка преграда, превезувале поголем број на патници од предвидениот капацитет до 50% и немале поставено средство за дезинфекција на раце на влезните врати.

На 13.12.2020 околу 18.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет на подрачје на Аеродром, две лица со закана од вработената одзеле пари и цигари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет